**Обраќање на министерот за одбрана Владо Мисајловски на свечената церемонија – 25 години од формирањето на Бригадата на Југоисточна Европа**
**Касарна Боро Менков – Куманово**
**03.09.2024**

Почитувани министри и заменици министри,
Почитувани генерали,
Почитувани амбасадори,
Почитувани Воени аташеа,

Драги гости и пријатели,

Ми претставува особена чест и привилегија да ви се обратам на 25-годишнината од формирањето на Бригадата на Југоисточна Европа (SEEBRIG) - еден од најзначајните проекти на Иницијативата за соработка на министрите за одбрана на Југоисточна Европа – SEDM.

За континуираната посветеност и придонес кон исполнување на мисијата на Бригадата во овие 25 години упатувам искрена благодарност до командантот на Бригадата бригаден генерал Билбил Битри, до сите поранешни команданти, до сите цивилни и воени, поранешни и сегашни членови на Бригадата и нивните семејства.

Ви честитам! Работејќи за SEDM/SEEBRIG и истовремено служејќи на вашите земји и на нашите граѓани вие само ја потврдивте посветеноста на сите земји членки кон Иницијативата која донесе соработка, донесе дијалог и овозможи создавање на средина во која владее меѓусебна солидарност и поддршка меѓу државите.

Како земја домаќин на SEEBRIG ни преставува претставува огромно задоволство што четири години припадниците на нашите армии заедно работат и придонесуваат за успешна работа на командата, тука во Куманово.

Почитувани,

Имајќи ја предвид актуелната геополитичка состојба во Европа, загрозената безбедност, бројните форми на хибридни закани, лажни вести, дезинформации, како и научени лекции од минатото соочувајќи се со КОВИД кризата и природните катастрофи, имаме силен мотив да продолжиме да ги јакнеме одбранбените капацитети, да ја јакнеме одбранбената билатерална и регионална соработка.

Како држава членка на оваа иницијатива пред 4 години оствативме една од нашите стратешки цели, полноправно членството во Алијансата, нашето учество во оваа иницијатива значително влијаеше кон исполнувањето на нашата цел. Денес нашите припадници работат рамо до рамо со нашите пријатели и сојузници, а нашата армија е ценет придонесувач кон глобалниот мир. Остануваме фокусирани и кон исполнување на втората стратешка цел полноправно членство во Европската Унија со што уште повеќе ќе придонесеме за стабилност и развој на регионот.

Додека ја славиме оваа годишнина, во пресрет на министерскиот состанок на – SEDM во Тирана, уште еднаш ја потврдуваме нашата посветеност кон водечките принципи и идни приоритети на оваа иницијатива, затоа што 25 годишнината не е само време за оддавање почит и славење на успесите, туку и можност за пристапување со подготвеност и решителност кон сите предизвици.

Да продолжиме да учиме едни од други,

да се поддржуваме едни со други

и заедно да останеме посветени во градење на сигурна иднина.